# Извештај

## за нивото на

# РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## на дел од јавните институции од здравствениот сектор во РСМ за 2025 година

# Вовед

Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер е основно демократско право и клучен елемент за транспарентно, одговорно и отчетно работење на јавните институции. Тоа не само што овозможува на граѓаните да се информираат за активностите на институциите, туку и ги зајакнува нивните можности за учество во донесувањето одлуки, следење на јавни политики и борба против корупцијата. Според Transparency International, правото на пристап до информации е „не само човеково право, туку и суштински инструмент што им овозможува на граѓаните да бараат одговорност од владите и да учествуваат во јавниот живот“, вклучувајќи и дебата за јавни политики како здравство, образование и буџети.

На меѓународно ниво, организации како Светската банка ја промовираат транспарентноста во јавниот сектор како критичен предуслов за развој, нагласувајќи дека политики за пристап до информации и отворени податоци го зајакнуваат владеењето на правото, јавната отчетност и квалитетот на јавните услуги.

Во рамките на OECD Government at a Glance 2025 се посочува дека транспарентноста на јавните информации е важен индикатор за довербата на граѓаните во институциите и за квалитетот на управувањето со јавните ресурси.

Реактивната транспарентност се однесува на способноста на институциите да одговорат на конкретни барања за информации од јавниот карактер доставени од граѓани, медиуми, НВО или други правни лица. Тоа значи дека информацијата не се објавува автоматски, туку институциите мораат да одговорат по барање. Овој извештај ја мери оваа реактивна способност преку шест параметри опфатени во методологијата (визуелизирани подолу), и ја оценува навременоста и доследноста на одговорите.

## Методологија

Анализата на реактивната транспарентност следеше шест клучни параметри:

- Број на добиени одговори во редовна постапка;
- Број на нецелосни одговори во редовна постапка;
- Број на одбиени барања или запрени постапки;
- Број на молчења (барања без одговор);
- Просечен период за добивање одговор во редовна и жалбена постапка;
- Просечен период за добивање одговор по поднесена жалба.

Сите параметри се разгледуваат како процент од вкупно доставени барања по институција. Процентите потоа се трансформираат во оценки според матрицата:

0 – нетранспарентно 🔴
1 – делумно транспарентно 🟡
2 – транспарентно 🟢

Конечната оценка претставува просечна оценка од сите параметри.

## Опфат на анализата

Во мај 2025 година беа поднесени 48 барања за пристап до информации од јавен карактер до следните институции:

- ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство – 13 барања
- Министерство за здравство – 28 барања
- ЈЗУ УК за детски болести – 5 барања
- ЈЗУ Институт за јавно здравје – 2 барања

## Резултати од анализата

Анализата покажува дека во 2025 година сите институции опфатени со истражувањето одговориле на доставените барања за пристап до информации од јавен карактер. Не се евидентирани случаи на молчење на администрацијата, нема одбиени барања, нема запрени постапки, ниту пак се покренати жалбени постапки поради незадоволство од добиениот одговор.

Ова укажува на висок степен на формална усогласеност со законските обврски и на институционална подготвеност да се одговори на поднесените барања.

Единствениот параметар што влијаеше врз разликата во конечната оценка (бојата) меѓу институциите е навременоста на одговорот, односно просечниот рок на постапување. Согласно критериумите за оценување:

- Институциите што одговориле во рок до 15 дена се оценети како **транспарентни**
- Институциите со просечен рок од 15 до 30 дена се оценети како **делумно транспарентни**
- Институциите со рок над 30 дена се оценети како **нетранспарентни**

Во овој контекст, иако сите институции обезбедиле целосни одговори, просечниот рок од 42 дена кај една институција резултира со црвена оценка, роковите од 24 и 27 дена доведуваат до жолта оценка, додека просечниот рок од 9 дена претставува пример на добра пракса и резултира со зелена оценка. (види табела 1).

Оттука, може да се заклучи дека квалитетот и целосноста на одговорите не биле проблем, туку клучниот предизвик останува почитувањето на законскиот рок од 15 дена. Навременоста е суштински елемент на ефективната транспарентност, бидејќи одложената информација ја намалува нејзината практична вредност и ја ограничува можноста за навремено граѓанско и институционално делување.

**Табела 1.** Приказ на нивото на реактивна транспарентност

| Институција | Вкупно барања | Добиени одговори | Просечен период на одговор | Конечна оценка |
|---|---|---|---|---|
| ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство | 13 | 13 (100%) | 42 дена | ● |
| Министерство за здравство | 28 | 28 (100%) | 24 дена | ● |
| ЈЗУ УК за детски болести | 5 | 5 (100%) | 9 дена | ● |
| ЈЗУ Институт за јавно здравје | 2 | 2 (100%) | 27 дена | ● |

## Заклучоци и препораки

Иако институциите во анализираниот примерок покажуваат висок степен на формално одговарање, навременоста на одговорите е слабост што ги намалува општите ефекти на транспарентноста.

**Препораки за унапредување на реактивната транспарентност:**

- Јасно следење на роковите преку институционални механизми за мониторинг;
- Едукација и обука на службени лица за постапување по барања;
- Унапредување на електронските системи и канали за побрз и поефикасен одговор;
- Јасно информирање на јавноста за правата и процедурите за пристап до информации.

ECE